Република Северна Македонија

**Министерство за правда**
Бр.УП 11-1197
26.09.2019 година
Скопје

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од ЕВН Македонија АД Скопје, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

РЕШЕНИЕ

Донација во финансиски средства во износ од 40.740,00 денари на Општина Струмица дадена од ЕВН Македонија АД Скопје, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на културата**.

Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донација на Општина Струмица дадена од ЕВН Македонија АД Скопје.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу ЕВН Македонија АД Скопје, претставувано од Претседател на управен одбор Штефан Петер и член на управен одбор Сашо Стојкоски, како давател и Општина Струмица, претставувана од Градоначалник Коста Јаневски, како примател, чиј предмет на донирање се финансиски средства во износ од 40.740,00 денари , наменети за реализација на јавен настан – Струмица Опен Фестивал 2019 година.

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донацијата се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и/или да се решат одредени состојби и проблеми.

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган Министерство за култура, како основа за решавање по барањето.

Министерство за култура со мислење бр.18-10161/2 од 24.09.2019 година смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска

Подготвил: Никола Бабановски, советник
Одобрил: Санела Хасиќ, државен советник